СОДРЖИНА

Република Северна Македонија

Министерство за финансии

**Консолидиран извештај од извршени ад-хок/планирани ревизии на системот на внатрешни контроли на процесот на спроведување на активностите од "Реформската агенда на Северна Македонија 2024-2027" од Инструментот за реформи и раст на Западен Балкан со рок на доспевање декември 2025 година**

Скопје, декември, 2025 година

**СОДРЖИНА**

Република Северна Македонија

Министерство за финансии

1. Вовед.........................................................................................................................................................3
2. Резиме од извршени ад-хок ревизии...................................................................................6

I Област на политика 1.Управување/ Реформа на јавната администрација и Управување со јавните финансии………………………………………………………………………………7

II Област на политика 1.Управување/ Реформа на јавната администрација и Управување со јавните финансии, во Министерството за финансии……………………..8

III Област на политика 2.1. Енергетска /Дигитална транзиција, во Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини и Министерството за животна средина и просторно планирање………………………………………………………………………………10

IV Област на политика 2.2 Енергетска /Дигитална транзиција, во Министерството за дигитална трансформација……………………………………………………13

V Област на политика 3. Човечки капитал во Министерство за образование и наука…………………………………………………………………………………………………………………..………………16

VI Област на политика 4. Развој на приватниот сектор и Деловното опкружување, во Министерството за економија и труд, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво, Министерството за транспорт и Царинската управа на РС Македонија…………………………………………………………………………………………………………...………18

VII Област на политика 5. ,,Фундаментални вредности/Владеење на правото”, во Министерство за правда, Судски совет, Совет за јавни обвинители, Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, Министерство за внатрешни работи и Агенција за управување со одземен имот………………………………..…………………………20

## 1. Вовед

Регулативата (ЕУ) 2024/1449 на Европскиот парламент и на Советот на ЕУ го воспостави „Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан“ за поддршка на процесот на проширување преку забрзување на усогласувањето со правото на ЕУ, забрзување на регионалната економска интеграција како и социо-економска конвергенција со Унијата.

Во врска со ,,Реформската агенда на Северна Македонија 2024-2027,, според Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан, согласно укажувањата/насоките добиени на семинарот за ,, Контрола и ревизија,, организиран од страна на ГД ЕНЕСТ при ЕК и СИГМА (одржан на 18 и 19 јуни 2025 во Тирана), како и насоките добиени повторно од ГД ЕНЕСТ на ,,Првиот Мониторинг комитет,, оддржан на 02.07.2025, произлегува и потребата единиците за внатрешна ревизија при подготовка на планските документи за ревизија да ги земат во предвид и врз основа на проценка на ризици да планираат спроведување на ревизија на активностите предвидени со Реформската агенда, односно заклучокот е:

„ Јавните субјекти што го спроведуваат Планот за раст и развој се одговорни за обезбедување соодветни функции на внатрешна контрола и ревизија.
Националниот координатор на Реформската агенда, заедно со субјектите одговорни за исполнување на функциите на ревизија и/или нивна координација (на пр. единиците за внатрешна ревизија, Централната единица за хармонизација и Државниот завод за ревизија), ефикасно да се координираат за да спроведат ревизии на функционирањето на внатрешните контроли, процесите на управување со ризици и управување на вклучените субјекти каде што е релевантно спроведувањето на чекорите во согласност со пристапот за проценка на ризикот.
Секоја Декларација за гаранција/потврда се очекува да се потпира на декларациите за управување, доставени од раководителите на засегнатите субјекти и ќе вклучува резиме на досега спроведените ревизии, обезбедувајќи транспарентност и одговорност во процесот на следење и имплементација.“

По иницијатива и известување на Централната единица за хармонизација до соодветните организациони единици во Министерство за финансии, а имајќи го предвид претходното со Годишниот план за внатрешна ревизија на Министерство за финансии е планирана Ревизија на системот на внатрешни контроли на активностите од Реформската агенда 2024 – 2027 во Министерството за финансии. Резултатите од ревизијата се опфатени со овој консолидиран извештај.

Имајќи го предвид фактот дека не сите јавни субјекти кои имаат обврска за реализација на чекорите во рамки на Реформската агенда имаат сопствена функционална единица за внатрешна ревизија, Министерството за финансии преку Централната единица за хармонизација, во насока на давање на придонес во процесот на спроведување на чекорите од Реформската агенда во сите засегнати субјекти, согласно надлежностите од член 52, став 1, алинеја 10 од Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/2024), во периодот од октомври до декември 2025 година, организираше и го координираше процесот на извршување ад-хок ревизии, кои се спроведоа во сите јавни субјекти кои имаат надлежност за спроведување на активностите/чекорите од ,,Реформската агенда на Северна Македонија 2024-2027” од Инструментот за реформи и раст на Западен Балкан, заклучно со декември 2025 година.

Ад хок ревизиите беа извршени од страна на ревизорски тимови составени од внатрешни ревизори од различни јавни субјекти, поаѓајќи од целта на ревизијата, природата на предметот на ревизија и корисноста на мултидисциплинарниот приод.

Организацијата и координацијата на ад-хок ревизиите ја имаше во целост Централната единица за хармонизација при Министерство за финансии.

Целта на ревизите беше да се даде разумно уверување за дизајнот, воспоставеноста и функционирањето на системот на внатрешни контроли во процесот на спроведување на активностите од ,,Реформската агенда на Северна Македонија 2024-2027" од Инструментот за реформи и раст на Западен Балкан, во сите субјекти опфатени со ревизијата, заклучно со декември 2025 година.

Ревизиите се извршија во период од Октомври до Декември 2025 година и за резултатите од истите, ревизорските тимови изготвија, а Министерството за финансии достави Конечни ревизорски меморандуми до ревидираните субјекти,

Министерството за финансии - Централната единица за хармонизација имајќи ја предвид целокупната организација и координација над процесот на спроведувањето на ад-хок ревизиите, како и врз основа на доставените извештаи од сите извршени ад-хок ревизии за потребите и барањата на Реформската агенда го изготви овој Консолидиран извештај од извршени ад-хок/планирани ревизии на системот на внатрешни контроли на процесот на спроведување на активностите од "Реформската агенда на Северна Македонија 2024-2027" од Инструментот за реформи и раст на Западен Балкан.

Консолидираниот извештај од извршени ад-хок/планирани ревизии содржи клучни сегметни и заклучоци од Конечните ревизорски меморандуми за спроведените ад-хок/планирани ревизии на системот на внатрешни контроли во процесот на спроведување на активностите од ,,Реформската агенда на Северна Македонија 2024-2027" од Инструментот за реформи и раст на Западен Балкан на :

I Област на политика 1.Управување/ Реформа на јавната администрација и Управување со јавните финансии, во Министерството за јавна администрација;

II Област на политика 1.Управување/ Реформа на јавната администрација и Управување со јавните финансии, во Министерството за финансии

III Област на политика 2.1. Енергетска /Дигитална транзиција, во Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини и Министерството за животна средина и просторно планирање;

IV Област на политика 2.2 Енергетска /Дигитална транзиција, во Министерството за дигитална трансформација;

V Област на политика 3. Човечки капитал, во Министерство за образование и наука;

VI Област на политика 4. Развој на приватниот сектор и Деловното опкружување, во Министерството за економија и труд, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Агенцијата за

иновации, научно-технолошки развој и претприемништво, Министерството за транспорт и Царинската управа на РС Македонија; и

VII Област на политика 5. ,,Фундаментални вредности/Владеење на правото", во Министерство за правда, Судски совет, Совет за јавни обвинители, Јавно обвинителство на РС Македонија, Министерство за внатрешни работи и Агенција за управување со одземен имот.

## 2. Резиме од извршени ад-хок ревизии

Конечните ревизорски меморандуми ги презентираат резултатите од извршените ад-хок ревизии на системот на внатрешни контроли на процесот на спроведување на активностите од "Реформската агенда на Северна Македонија 2024-2027" од Инструментот за реформи и раст на Западен Балкан, Област на политика 1.Управување / Реформа на јавната администрација и Управување со јавните финансии, во Министерство за јавна администрација, Област на политика 2.1. Енергетска /Дигитална транзиција, во Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини и Министерството за животна средина и просторно планирање; Област на политика 2.2 Енергетска /Дигитална транзиција, во Министерството за дигитална трансформација; Област на политика 3. Човечки капитал, во Министерство за образование и наука; Област на политика 4. Развој на приватниот сектор и Деловното опкружување, во Министерството за економија и труд, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво, Министерството за транспорт и Царинската управа на РС Македонија.

Цел на спроведените ад-хок ревизии е да се даде разумно уверување за дизајнот, воспоставеноста и функционирањето на системот на внатрешни контроли во процесот на спроведување на активностите од "Реформската агенда на Северна Македонија 2024-2027" од Инструментот за реформи и раст на Западен Балкан во сите области.

Предмет на ад-хок ревизиите беше системот на внатрешни контроли во процесот на спроведување на активностите од "Реформската агенда на Северна Македонија 2024-2027" од Инструментот за реформи и раст на Западен Балкан, Област на политика 1. Управување / Реформа на јавната администрација и Управување со јавните финансии, во Министерство за јавна администрација.

**I Област на политика 1.Управување/ Реформа на јавната администрација и Управување со јавните финансии, во Министерството за јавна администрација**

Со ад-хок ревизијата беше опфатен системот на внатрешни контроли во процесот на спроведување на активностите од "Реформската агенда на Северна Македонија 2024-2027" од Инструментот за реформи и раст на Западен Балкан, Област на политика 1. Управување / Реформа на јавната администрација и Управување со јавните финансии, во Министерство за јавна администрација за чекорите предвидени со Реформската агенда во надлежност на Министерство за јавна администрација, со рок за реализација декември 2025 година.

Ревизијата се изврши врз основа на овластување број 18-5831/1 од 27.10.2025 година, издадено од министерот за финансии, а во организација и координација на Централната единица за хармонизација при Министерството за финансии.

Во текот на ревизијата утврдени се 2 (два) наоди кои се однесуваат на следното:

- Во Министерство за јавна администрација не е/се назначен/и координатор(и) на ниво на реформа, координатор(и) на ниво на чекор и верификатор(и) на чекори, кои се дел од приоритетната област, односно подобласт. (Наод со средна важност);
- Во Министерство за јавна администрација не е назначен внатрешен ревизор во Одделението за внатрешна ревизија. (Наод со висока важност).

Дополнително, ревизијата во делот на "Обелоденување" од ревизорскиот меморандум утврдила и одредени состојби, кои немаат третман на наод, но кои раководството на Министерство за јавна администрација треба да ги има во предвид при управување со работните процеси, а кои се однесуваат на следното:

- Во рамки на Министерство за јавна администрација не е подготвена внатрешна процедура за работа, односно за спроведување на активностите од "Реформската агенда на Северна Македонија 2024-2027" од Инструментот за реформи и раст на Западен Балкан, Област на политика 1. Управување / Реформа на јавната администрација и Управување со јавните финансии, во надлежност на Министерство за јавна администрација

  Во врска со чекорите предвидени со РА во надлежност на Министерство за јавна администрација, со рок за спроведување декември 2025 година, идентификуван е следниот ризик кој може да влијае негативно врз нивната успешна реализација:

  - Ненавремено реализирање на чекорите предвидени со РА во Министерство за јавна администрација.

Проценка на ревизијата е дека иако системот за внатрешна контрола е формално воспоставен, неколку елементи од неговиот дизајн бараат подобрување за да се обезбеди ефикасно ублажување на ризиците. Одредени контроли не ги адресираат целосно идентификуваните ризици, а одговорностите не се секогаш јасно дефинирани. Подобрувањето на дизајнот на контролата и нивното усогласување со оперативните ризици ќе ја зголеми ефикасноста.

Република Северна Македонија
Министерство за финансии

Со ревизијата утврдена е потребата раководството на Министерство за јавна администрација, во својство на координатор на приоритетна област Управување, подобласт Реформа на јавна администрација, да преземе соодветни мерки и активности за надминување на утврдените слабости и наоди, постапувајќи по дадените препораки во ревизорскиот меморандум и Акцискиот план, составен дел на истиот.

**II Област на политика 1.Управување/ Реформа на јавната администрација и Управување со јавните финансии, во Министерството за финансии**

Ревизорскиот извештај ги презентира резултатите од извршената ревизија на системот на внатрешни контроли на активностите од Реформската агенда 2024 – 2027 во Министерството за финансии.

Цел на ревизијата е да се даде разумно уверување за дизајнот, воспоставеноста и функционирањето на системот на внатрешни контроли на активностите од Реформската агенда 2024 – 2027 во Министерството за финансии.

Ревизијата е извршена во периодот од 16.09 до 03.12.2025 година.

Во текот на ревизијата се утврдени 6 наоди, од кои 4 наоди се со средна важност и 2 наоди со ниска важност.

Наодите кои детално прикажани се однесуваат на следното:

- Во Министерството за финансии е потребно подобрување на дизајнот на системот на внатрешни контроли на активностите од Реформската агенда преку изготвување на пишана процедура за истите;
- Во Министерството за финансии и Бирото за јавни набавки потребно е подобрување на системот на управување со ризици со вклучување на ризиците кои се директно поврзани со Реформската агенда, односно Инструментот за реформи и раст;
- Анексот VI кон Одлуката за спроведување на Комисијата за одобрување на Реформските агенди и повеќегодишната програма за работа според Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан и Анексот 1 – Чекори и услови за плаќање по област на политика, не се усогласени во делот на одговорни институции за следење и известување за чекорите од реформите.
- Одделението за координација на борба против измама на ЕУ средствата (АФКОС) нема изготвено методологија за постапување во сомнителните случаи поврзани со Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан;
- Координаторите на реформа и Координаторите на чекори од Министерството за финансии и од Бирото за јавни набавки не се назначени во согласност со Уредбата за спроведување и контрола на Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан;
- Номинацијата за Заменик координатор на чекорите 3, 4, 5 и 6 од Реформата 4.1.3 „Поттикнување развој на МСП преку донесување и спроведување на новата стратегија за

МСП“ не е во согласност со Уредбата за спроведување и контрола на Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан.

Врз основа на извршениот преглед и тестирања ревизијата утврди дека е потребно подобрување на дизајнот на системот на внатрешни контроли на активностите од Реформската агенда преку изготвување на пишана процедура за истите.

Исто така, при ревизијата се утврдени и одредени слабости во воспоставеноста и функционирањето на внатрешните контроли.

Секторот за внатрешна ревизија даде препораки во насока на подобрување на дизајнот, воспоставеноста и функционирањето на контролите, со чија реализација ќе се отстранат утврдените слабости и подобри ефикасноста на системот на внатрешни контроли на ревидираните активности.

**III Област на политика 2.1. Енергетска /Дигитална транзиција во Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини и Министерството за животна средина и просторно планирање**

Со ад-хок ревизијата е опфатен системот на внатрешни контроли во процесот на спроведување на активностите од “Реформската агенда на Северна Македонија 2024-2027” од Инструментот за реформи и раст на Западен Балкан, Област на политика “Енергетска и Дигитална транзиција”, подобласт “Енергетска транзиција” за чекорите предвидени со Реформската агенда во надлежност на ревидираниот субјект – Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини и Министерство за животна средина и просторно планирање, со рок за реализација декември 2024, јуни 2025 и декември 2025 година.

Ревизијата е извршена врз основа на овластување број 18-5830/1 од 27.10.2025 година, издадено од министерот за финансии, а во организација и координација на Централната единица за хармонизација при Министерството за финансии.

Во текот на ревизијата беше утврден еден наод кој се однесува на следното:

- Во Министерството за животна средина и просторно планирање не е назначен координатор на ниво на реформа, координатор на ниво на чекор и верификатор на чекори, кои се дел од приоритетната Област на политика “Енергетска и Дигитална транзиција”, подобласт “Енергетска транзиција”. (Наод со средна важност).

Иако во рамки на ревидираните субјекти (Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини и Министерство за животна средина и просторно планирање) не постои формален процес на назначување на координатор(и) на ниво на реформа, координатор(и) на ниво на чекор и

верификатор(и) на ниво на чекори, за време на спроведување на ревизијата, ревизорите не биле во можност да обезбедат доказ дека од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање е испратена номинација на лица (координатор на ниво на реформа, координатор на ниво на чекор и верификатор на ниво на чекор) до Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини и Министерство за европски прашања кои ќе ги извршуваат доделените задачи, активности и одговорности согласно Уредбата.

Според ревизијата, причина за утврдената состојба е слабост при функционирање на системот на внатрешни контроли во Министерството за животна средина и просторно планирање, што овозможува постоење на ризик за намалена отчетност и одговорност, неусогласеност на активностите, задоцнување во реализацијата на реформите, зголемен ризик од грешки или недоследности во работењето, слаб проток на информации и комуникација.

Во текот на спроведувањето на ад-хок ревизијата до ревизорскиот тим е доставен допис од Министерството за животна средина и просторно планирање за назначување на координатор на ниво на реформа и координатор на ниво на чекор, испратен до Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини и Министерство за европски прашања со арх.бр.02-4773/2 од 12.12.2025 година.

Исто така од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање изготвени и доставени се предлог Решение за Координатор на ниво на реформа со арх.бр.02-4815/1 од 12.12.2025г. и Решение за Координатор на ниво на чекор со арх.бр.4814/1 од 12.12.2025г.

Дополнително, ревизијата во ревизорски меморандум обелоденува за одредени состојби во делот ,, Обелоденувања" кои немаат третман на наод, но кои раководството на Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини и Министерство за животна средина и просторно планирање треба да ги има во предвид при управување со работните процеси, а кои се однесуваат на следното:

- утврдено е дека во рамки на Министерство за европски прашања не е подготвена внатрешна процедура за работа, односно за спроведување на активностите од "Реформската агенда на Северна Македонија 2024-2027" од Инструментот за реформи и раст на Западен Балкан, Област на политика "Енергетска и Дигитална транзиција", подобласт "Енергетска транзиција", во надлежност на Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини и Министерство за животна средина и просторно планирање;
- Имајќи предвид дека за одреден чекор/активност/реформа согласно Националниот план за енергија и клима (НПЕК) надлежноста е на Министерство за енергетика рударство и минерални суровини, а според член 13 од Законот за енергетика, надлежен субјект е и Министерство за животна средина и просторно планирање, ревизијата ја обелоденува

новонастаната состојба и при евентуална промена на РА советува на потребата од иницирање на измени или дополнувања во овој дел;

- Во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини по основ на барање на МЕП извршена е номинација и измена на номинацијата и донесени се решенија по истата;
- Во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини изработен е Регистар за ризици. Во тек е изготвување на проценка на ризици поврзани со Реформската агенда.

Во Министерството за животна средина и просторно планирање изготвен е Регистар на ризици, за кој ревизијата смета дека треба да се доусогласи со новата Методологија за управување со ризици кај јавните субјекти, да се ажурира и да ги содржи ризиците поврзани со активностите кои произлегуваат од РА.

Во врска со чекорите предвидени со РА во надлежност на Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини и Министерство за животна средина и просторно планирање, со рок за спроведување декември 2025 година, идентификувани се следните ризици и тоа во рамките на Министерство за животна средина и просторно планирање кои може да влијаат негативно врз нивната успешна реализација:

- Недонесување на Законот за климатска акција (крајна фаза, но сеуште не е објавен во службен весник);
- Не изготвување нова функционална анализа (во подготовка);
- Не донесување нов акт за систематизација во кој е  предвидено зајакнување на капацитетите потребни за спроведување на обврските кои произлегуваат од РА.

Ревизијата заклучи дека иако системот за внатрешна контрола е формално воспоставен (поради недонесен прирачник од МЕП), постојат елементи од неговиот дизајн кои бараат подобрување за да се обезбеди ефикасно ублажување на ризиците. Одредени контроли не ги адресираат целосно идентификуваните ризици, а одговорностите не се секогаш јасно дефинирани. Подобрувањето на дизајнот на контролата (по донесување на прирачникот од МЕП) и нивното усогласување со оперативните ризици ќе ја зголеми ефикасноста и е од особено значење за целосно функционирање на системот на контрола.

Ревизијата заклучи дека во Министерството за животна средина и просторно планирање севкупно, системот на внатрешна контрола функционира ефикасно, со солиден дизајн и структура. Сепак, неколку области со висок ризик бараат внимание за зајакнување на контролните активности, подобрување на механизмите за следење и обезбедување одржливост на контролните перформанси. Имплементацијата на препорачаните мерки дополнително ќе ја подобри зрелоста на системот на внатрешна контрола.

Со ревизијата утврдена е потребата раководството на Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, во својство на координатор на приоритетна област "Енергетска и дигитална

трансформација", подобласт "Енергетска транзиција", да преземе соодветни мерки и активности за надминување на утврдените слабости и наоди, постапувајќи по дадените препораки во ревизорскиот меморандум и Акциониот план, составен дел на истиот.

**IV Област на политика 2.2 Енергетска /Дигитална транзиција во Министерството за дигитална трансформација**

Со ад-хок ревизијата е опфатен системот на внатрешни контроли во процесот на спроведување на активностите од "Реформската агенда на Северна Македонија 2024-2027" од Инструментот за реформи и раст на Западен Балкан, Област на политика 2.2 Енергетска/Дигитална транзиција во МДТ, чекорите предвидени со Реформската агенда во надлежност на ревидираниот субјект – МДТ, со рок за реализација јуни 2025 година и декември 2025 година.

Ревизијата е извршена врз основа на Овластување број 18-5829/1 од 27.10.2025 година година, издадено од министерот за финансии, а во организација и координација на Централната единица за хармонизација при Министерството за финансии.

Ревизијата констатира дека, Министерството за дигитална трансформација исполнило три чекори со рок за спроведување до јуни 2025 година, што се прифатени и од ЕК.

Во текот на ревизијата беа утврдени наоди кои се однесуваат на следното:

- Називите на членовите и функциите на лицата номинирани во работната група не се јасни и не се во согласност со барањето на член 9 и член 10 од Уредбата;

Причина за утврдената состојба е фактот што Уредбата за спроведување и контрола на Инструментот за реформи и Раст на Западен Балкан (Сл.весник на РСМ 106/25) стапила во сила на 29.05.2025 година, а Решението за формирање на работната група е изготвено во јануари 2025 година, пред стапување во сила на Уредбата. Во периодот јануари – јуни 2025 година, одговорните вработени ги спровеле сите потребни активности за исполнување на четири Чекори од РА во предвидениот рок на завршување во јуни 2025.

Работните места во МДТ, кој е правен наследник на Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА), не се во целост пополнети согласно систематизираните работни места, што може на долг рок да влијае на настанување на ризик за ненавремено извршување на активностите, доцнење во реализацијата на реформите, ризик од грешки или недоследности во работењето, слаб проток на информации и комуникација.

Регистарот на ризици не ги опфаќа и ризиците што се однесуваат на процесите опфатени со РА и Чекорите.

Дополнително, ревизијата во Ревизорскиот меморандум обелодени одредени состојби кои немаат третман на наод, но раководството на МДТ треба да ги има во предвид при управување со работните процеси, а се однесуваат на следното:

- Не е изготвена внатрешна процедура за работа за спроведување на активностите од РА, во тек е изработка на нови процедури;
- Документацијата од РА не се заведува под единствен организационен број со рок за чување согласно Уредбата, за полесно пребарување;
- одговорните за Чекорите користеле помош во делот на подготовка на законите и дека доследно се внимавало да нема двојно финансирање.
- Во Буџетскиот циркулар за 2026 година биле планирани средства за материјални трошоци за спроведување на чекорите од РА Чекор 2.2.2.1. и Чекор 2.2.2.2
- Одговорните за чекорите немаат информација /не се известени дали во Министерството за европски прашања е воспоставен информациски систем за следење и известување на спроведувањето на Инструментот.
- Министерството исполнило четири Чекори кои се однесуваат на донесување на законска регулатива, со рок за спроведување до јуни 2025 година, што се објавени во Службен весник на РСМ 135/25 од 04.07.2025 година.

Во врска со чекорите предвидени со РА во надлежност на МДТ, со рок за спроведување декември 2025 година, идентификувани се следните ризици кои може да влијаат негативно врз нивната успешна реализација:

- Да не можат да се исполнат барањата на Уредбата што го уредуваат спроведувањето и контролата на Инструментот, заради недоволна екипираност;
- Неправилна примена на донесените закони;
- Нецелосна примена на законите од страна на субјектите кои се опфатени со истите;
- Ненавремено отпочнување на обуки на вработените во институциите за примена на законите.

Ревизијата заклучи дека рамката за внатрешна контрола е дизајнирана и воспоставена е структурата, но утврдила одредени слабости што се поврзани со барањата за документирање, односно обезбедување на соодветна ревизорска трага во делот на поставување на организационата структура за Реформската агенда, проценката на ризиците, начинот на меѓусебно комуницирање и известување.

Ревизијата, за секое барање предложи да се преземат соодветни корективни мерки и активности за надминување на утврдените неусогласености, со цел да се зајакне контролната средина и да се зголеми ефикасноста на контролните активности за да се спречат потенцијални недостатоци.

Со ревизијата утврдена е потребата раководството на Министерството за дигитална трансформација, во својство на координатор на приоритетна област Енергетика/Дигитална

транзиција, подобласт дигитализација, да преземе соодветни мерки и активности за надминување на утврдените слабости и наоди, постапувајќи по дадените препораки во Ревизорскиот меморандум и Акциски план, составен дел на истиот.

Министерството за дигитална трансформација има доставено допис до Министерството за европски прашања со број 02-1979/1 од 30.10.2025 година, со цел да се препрати дописот „Барање за вклучување на РСМ во листата на доверливи услуги од трети земји во ЕУ за валидација за напредни електронски потписи“ до Европската Комисија. На 14.11.2025 година до одговорните во МЕП, испратена е ургенција за одговор во електронска форма.

## V Област на политика 3. Човечки капитал во Министерство за образование и наука

Со ад-хок ревизијата е опфатен системот на внатрешни контроли во процесот на спроведување на активностите од “Реформската агенда на Северна Македонија 2024-2027” од Инструментот за реформи и раст на Западен Балкан, Област на политика “Човечки капитал” за чекорите предвидени со Реформската агенда во надлежност на ревидираниот субјект Министерство за образование и наука, со рок за реализација декември 2025 година.

Ревизијата е извршена врз основа на овластување број 18-5828/1 од 27.10.2025 година, издадено од министерот за финансии, а во организација и координација на Централната единица за хармонизација при Министерството за финансии.

Во текот на ревизијата не беа утврдени наоди, но ревизијата утврди и одредени состојби кои ги обелодени во ревизорскиот меморандум и истите немаат третман на наод, а се однесуваат на следното:

- Во рамки на Министерството за образование и наука не е подготвена внатрешна процедура за работа, односно за спроведување на активностите од “Реформската агенда на Северна Македонија 2024-2027” од Инструментот за реформи и раст на Западен Балкан, Област на политика “Човечки капитал”, во надлежност на Министерството за образование и наука.
- Во Решението за формирање на работна група за имплементација и следење на Реформската Агенда 2025/2027, Област на политика “Човечки капитал” со архивски број 11-3969/1 од 03.03.2025 година, немаше назначено Верификатор на ниво на чекори согласно член 11 од Уредбата за спроведување и контрола на инструментот за реформи и раст за Западен Балкан. Во текот на ревизијата се донесе Решение за измена и дополнување на постоечкото Решение за формирање на работна група за имплементација и следење, со кое се надмина претходно наведената состојба;
- Донесена е Уредба за нова методологија за финансирање во основото образование.

- Од извршениот увид во работната документација за Реформа 3.1.5 чекор 2 се утврди дека целосно се опремени со мрежна опрема и/или ИТ опрема вкупно 144 основни училишта, а во тек се опремувања на 22 основни училишта со мрежна инфраструктура.
- Во врска со реформа 3.1.1 чекор - Удел од 95% од основните и средните училишта да имаат најмалку еден кариерен советник, се преземени и во тек се активности за целосно спроведување на чекорот.
- Во врска со реформа 3.1.1 Чекор - Број на приватни компании вклучени во дуално образование. (индикатор 700) – во тек се активности за реализирање.
- Во врска со реформа 3.1.3 Чекор – Донесена Уредба за нова методологија за финансирање во средното образование и СОО (VET).

Ревизијата заклучи дека, севкупно, работењето на Министерство за образование и наука по однос на спроведување на активностите од Реформската агенда во нејзина надлежност е генерално ефикасно и усогласено со законската/подзаконската регулатива. Системот на внатрешна контрола е соодветно дизајниран, правилно воспоставен и функционално ефикасен.

Сепак, идентификувани се можности за подобрување во областите на ефикасност на процесите, документирање на практиките и надгледување на системот на внатрешни контроли, кои претставуваат потенцијални ризици кои доколку не се адресираат соодветно би влијаеле негативно по однос на спроведување на активностите од Реформската агенда:

- Изготвување на внатрешна процедура за работа за спроведување на активностите од “Реформската агенда на Северна Македонија 2024-2027” од Инструментот за реформи и раст на Западен Балкан која треба да биде во согласност со “Стандард 12 – Процедури” од Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор;
- Процесот на реализација на сите чекори за Реформската агенда на Северна Македонија 2024 – 2027 година, Област на политика “Човечки капитал” да се спроведува преку интерно следење и контрола во континуитет од страна назначените лица за мониторинг;
- Во врска со чекорите кои треба да се реализираат со “Реформската агенда на Северна Македонија 2024-2027” од Инструментот за реформи и раст на Западен Балкан, потребно е да се идентификуваат ризици кои се поврзани со спроведувањето на активностите во Регистарот на ризици на Министерство за образование и наука;
- Комуникацијата за спроведување на Реформската агенда на Северна Македонија 2024-2027” од Инструментот за реформи и раст на Западен Балкан да биде преку дефинирана динамика на одржување на информативни средби на Работната група за имплементација и следење на зададените работни задачи.

**VI Област на политика 4. Развој на приватниот сектор и Деловното опкружување во Министерството за економија и труд, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Агенцијата за**

**иновации, научно-технолошки развој и претприемништво, Министерството за транспорт и Царинската управа на РС Македонија**

Со ад-хок ревизијата е опфатен системот на внатрешни контроли во процесот на спроведување на активностите од „Реформската агенда на Северна Македонија 2024-2027” од Инструментот за реформи и раст на Западен Балкан, Област на политика 4.Развој на приватниот сектор и Деловното опкружување, за чекорите предвидени со Реформската агенда во надлежност на ревидираниот субјект Министерството за економија и труд, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво, Министерството за транспорт и Царинската управа, со рок за реализација јуни 2025 година и декември 2025 година.

Ревизијата е извршена врз основа на овластување број 18-5827/1 од 27.10.2025 година, издадено од министерот за финансии, а во организација и координација на Централната единица за хармонизација при Министерството за финансии

Во текот на ревизијата беше утврден еден (1) наод што се однесува на следното: „Во институциите опфатени со ревизијата утврдено е дека структурата за спроведување на Реформската агенда не е целосно воспоставена во однос на формално назначување на лицата вклучени во спроведување на чекорите од Реформската агенда“.

Дополнително, ревизијата утврди и обелодени одредени состојби што немаат третман на наод, но ревидираниот субјект треба да ги има во предвид при управување со работните процеси, а кои се однесуваат на следното:

- Неунифицирано водење на документацијата што се однесува на спроведувањето на чекорите од Реформската агенда во поодделните институции. Ревизијата констатираше дека во најголем дел документацијата се води под организационата единица што го спроведува чекорот или организационата единица на која и припаѓа координаторот на чекорот. Не се предвидени посебни архивски знаци што се однесуваат на Реформската агенда. Ваквата поставеност носи со себе ризик од несоодветно чување и означување на архивскиот и документарниот материјал во однос на роковите на чување;
- Чекорот - Олеснување на пристапот до заеми за МСП со измена на релевантното законодавство за да се овозможи користење на нематеријални средства како колатерал при кредитирање на МСП од реформата: 4.1.3. Поттикнување развој на МСП преку донесување и спроведување на новата стратегија за МСП, е преземен во надлежност за спроведување од страна на Министерство за финансии.

Во врска со чекорите предвидени со РА, со рок за спроведување декември 2025 година, идентификувани се следните ризици кои може да влијаат негативно врз нивната успешна реализација:

- Зависност од надворешни консултанти, со што се пролонгираат роковите за имплементација на одредени чекори од реформската агенда;
- Недостаток на формализирани процеси за управување со промени и со ризици во делот на спроведувањето на чекорите од Реформската агенда;
- Можност за губење на средства од Инструментот за раст и развој поради нереализирање на чекорите од реформската агенда согласно роковите.

Проценка на ревизијата е дека иако во целост не е воспоставен формален процес на назначување на координатор(и) на ниво на реформа, координатор(и) на ниво на чекор и верификатор(и) на чекори, номинираните лица ги извршуваат доделените задачи, активности и одговорности, а системите на внатрешни контроли во процесите на спроведување на активностите од реформската агенда функционираат согласно внатрешната организациска поставеност на соодветните институции.

Со ревизијата утврдена е потребата Министерството за транспорт, како надлежно за приоритетна област 4.Развој на приватниот сектор и деловното опкружување, во соработка со МЕП да преземе соодветни мерки и активности за надминување на утврдените слабости и наоди, постапувајќи по дадените препораки во Ревизорскиот меморандум и Акциониот план, составен дел на истиот.

**VII Област на политика 5. ,,Фундаментални вредности/Владеење на правото", во Министерство за правда, Судски совет, Совет за јавни обвинители, Јавно обвинителство на РС Македонија, Министерство за внатрешни работи и Агенција за управување со одземен имот.**

Со ад-хок ревизијата е опфатен системот на внатрешни контроли во процесот на спроведување на активностите од "Реформската агенда на Северна Македонија 2024-2027" од Инструментот за реформи и раст на Западен Балкан, Област на политика 5.„Фундаментални вредности и владеење на правото", за чекорите предвидени со Реформската агенда во надлежност на ревидираните субјекти, со рок за реализација декември 2024, јуни 2025 и декември 2025 .
Ревизијата е извршена врз основа на овластување број 18-5826/1 од 27.10.2025 година, издадено од министерот за финансии, а во организација и координација на Централната единица за хармонизација при Министерството за финансии
Во текот на ревизијата беше утврден еден (1) системски наод кој се однесува на воспоставениот систем на внатрешни контроли, отсуство на акт за назначување, односно отсуство на формален акт за назначување на секое лице со делегирани задолженија, одговорности како член на структурата за спроведување на рефоормската агенда.
Ревизијата заклучи дека системот на внатрешна контрола во рамките на Област на политика 5.„Фундаментални вредности и владеење на правото" е дизајниран, пропишан со меѓународен договор, законски и подзаконски акти, но истиот е делумно воспоставен. Во делот на координација,

документирање и јасно делегирање на надлежности на клучните контроли предвидени за следење и имплементација на чекорите во воспоставениот систем, во институции не беше возможно да се спроведе тестирање на системот на внатрешните контроли со цел да се утврди точниот степен на исполнување на чекорите и да се стекне разумно уверување за ефективноста на системот на внатрешни контроли.

Ревизијата утврди дека постојните контролни механизми во повеќето опфатени институции се во развојна фаза и дека одредени контроли не се применуваат доследно или не се целосно усогласени со идентификуваните ризици. Овие слабости влијаат врз ефикасноста на системот на внатрешната контрола и претставуваат ризик за навременото и квалитетно спроведување на активностите од Реформската агенда.

Со ревизијата утврдена е потребата раководствата на институцијата опфатени со ревизијата да преземат соодветни мерки и активности за надминување на утврдениот наод, постапувајќи по препораката во овој извештај и Акциониот план, составен дел на овој извештај.

Ревизијата ја истакнува потребата од страна на надлежните да се земат предвид Обелоденувањата кои се составен дел на Ревизорскиот меморандум, а се однесуваат на состојби на воспоставениот систем на внатрешна контрола, како и да се имаат предвид идентификуваните ризици од страна на ревизијата кои може да влијаат врз навременото спроведување на чекорите.

Дополнително, ревизијата утврди и обелодени одредени состојби што немаат третман на наод, но ревидираниот субјект треба да ги има во предвид при управување со работните процеси, а кои се однесуваат на следното:

- Утврдено е дека во рамки на институциите опфатени со Област на политика 5.„Фундаментални вредности и владеење на правото” не е подготвена формална внатрешна процедура за спроведување на активностите од „Реформската агенда на Северна Македонија 2024–2027“ од Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан, што не е во согласност со „Стандард 12 – Процедури“ од Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор, кој бара воспоставени, јасно формализирани и достапни интерни процедури како услов за ефикасно, усогласено и контролирано функционирање на процесите.

Согласно член 18 став 2 од Уредбата за спроведување и контрола на Инструментот за реформи и раст, Националниот координатор на Инструментот треба да изготви Прирачник за спроведување на Инструментот, во кој ќе се уредат начинот на комуникација, известување, водење евиденции и чување документација меѓу сите структури задолжени за спроведување на Реформската агенда.

Доколку институциите немаат формални интерни процедури, а Прирачникот не е достапен или не е применет во практиката, постојат следниве ризици:

- можни грешки и неусогласености во доставувањето на документација,
- неунифициран пристап при следење, мониторинг и известување,
- недоследно почитување на рокови за реализација и известување,
- нејасни улоги и одговорности меѓу различните структури,
- ограничена ревизорска трага поради недоволно документација.

Горе наведената состојба се третира како обелоденување, а не како наод на институциите вклучени во Област 5 од Реформаската агенда, но сепак е потребно Координаторот на ниво на приоритетна област да го извести НКИ за утврдената состојба и  да го запознае со можните ризици поврзани со исттите.

- Утврдено е дека во рамки на институциите опфатени со Област на политика 5.„Фундаментални вредности и владеење на правото” не се води информациски систем за следење и известување на инструментот за спроведување на активностите од „Реформската агенда на Северна Македонија 2024–2027“ од Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан и Оваа состојба не е во согласност со „Стандард 19 – Информација и 20 - Комуникација“ од Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор.

Состојбата на отсуство на информациски систем за следење и известување за спроведување на инструментот и отсуство на дигитална поврзаност на сите институции вклучени во имплементација на реформската агенда создава ризик од:

- отежнат пристап до ревизорска трага,
- ризик од непотполна или изгубена документација,
- слабости во процесот на верификација и мониторинг,
- различни толкувања меѓу одговорните лица,
- неунифицирано известување,
- можни задоцнувања во спроведувањето на чекорите.

Горе наведената состојба се третира како обелоденување, а не како наод на институциите вклучени во Област 5 од Реформаската агенда, но сепак е потребно Координаторот на ниво на приоритетна област да го извести НКИ за утврдената состојба и  да го запознае со можните ризици поврзани со исттите.

Ревизијата не можеше да го утврди степенот на исполнетост на 14 -те чекори со рок на спроведување декември 2024, јуни 2025 и декември 2025 година предвидени со Област на политика 5.„Фундаментални вредности и владеење на правото, поради отсуство на целосни податоци, информации и документација доставена од страна на институциите надлежни за спроведување.

Ревизијата ги идентификува следниве ризици кои може негативно да влијаат врз нивната навремено и квалитетно спроведување на Чекорите предвидени со Реформската агенда во надлежност на институциите опфатени со Област на политика 5.„Фундаментални вредности и владеење на правото”:

- Ризик од задоцнување во меѓуинституционална координација, поради вклученост на повеќе органи во процесот на подготовка и финализирање на законските измени.
- Ризик од ограничени човечки и технички капацитети за изработка на законски текстови, што може да доведе до одложување на активностите.
- Ризик од непотполна или недоволно квалитетна документација, што може да го отежне процесот на верификација од страна на МЕП.

- Ризик од непостоење формални процедури за следење и документирање, што може да резултира со недоволна ревизорска трага и невозможност да се докаже навремена реализација.
- Ризик од неусогласеност на законските измени со acquis на ЕУ, што може да бара дополнителни консултации и одложувања во процесот на усвојување.
- Ризик од недоволно функционирање или неназначување на координатори и верификатори, што директно го нарушува процесот на мониторинг и известување.
- Ризик од непочитување на рокови за доставување извештаи и документи, што може да доведе до одложено или негативно верификување на чекорот.
- Финансиски ризик – можноста да не се повлечат средствата поврзани со чекорот, доколку активностите не бидат навремено реализирани и верификувани од МЕП.
- Ризик на одржливост- исполнети чекори кои довеле до исплата на средства, поради неодржливост на истите, односно каде што не се применува во континуитет според предвиденото од условите за плаќање и индикаторите, може да доведат до поврат на средства.